Ogereau, Julien M. *Early Christianity in Macedonia: From Paul to the Late Sixth Century*. Ancient Judaism and Early Christianity 119. Early Christianity in Greece 2. Leiden/Boston: Brill, 2023, ISBN 9789004681194.

Наскоро по објавувањето на оваа значајна историска монографија, сега покојната проф. д-р Наде А. Проева ми предложи да подготвам приказ, но јас учтиво одбив и ја пренасочив понудата кон искусен колега токму од пределите каде авторот докторирал пред десетина години. Неговиот деценски научен интерес за раното христијанство во Македонија е неспоредлив со мојот речиси аматерски, поточно принуден со оглед на црковните импровизации и хипокризии на наше тло. За жал, се чини дека колегата има намера да ја заврши својата кариера без да има објавено ниту една единствена рецензија, и не е сам. Очигледно ширината на жанрот не ги охрабрува сите доктори да побараат бесплатен примерок за најчесто беден приказ. По раното заминување на почитуваната проф. Проева, решив скромно да ѝ ја исполнам желбата. Необичната фотографија објавена со латинска легенда длабоко ме трогна.

Жулиан Ожеро е веќе етаблиран млад истражувач на раното христијанство. Неодминлив е неговиот ангажман во дигитализацијата на античките христијански натписи (Inscriptiones Christianae Graecae), од кој, според неговото признание, про-

излегла и оваа интересна книга како "coup de force". Посветата на Дени Фесел го прославува континуитетот на една голема академска традиција. Малку е чудно што книгава е сместена во серија и во субсерија на публикации, но големите издавачки куќи ги личи да прават такви работи.

По сосема краткиот предговор (главно благодарности), списокот на карти, графикони (само два и на една страница) и слики, и кратенките започнува краткото уводно поглавје поделено на пет логични подпоглавја. Можеби немало потреба за толку поетично претставување на потребата од ваква книга, но флексибилноста на Блага Алексова е сосема соодветно одбележана, како и важноста на натписите за реконструкцијата на ранохристијанската историја, особено во Македонија. Се разбира, треба да се биде внимателен и со наративните извори, а издвојувањето на „христијанска епиграфија" (наспроти „епиграфија на христијаните") е контрапродуктивно. Генерално, подпоглавјата за изворите и методологијата и за временските и просторните граници се пример за секого што би се впуштил во сличен потфат. Но веројатно авторот можел да најде посоодветен наслов за заклучното подпоглавје ("Outline of Study").

Сосема легитимно, Ожеро одлучил да оформи посебно поглавје за приликите во римска Македонија пред да ги претстави христијанските почетоци во неа. Би забележал дека тука фуснотите доминираат и дека некои факти се повторуваат. Заради филолошкиот сензибилитет, ми пречи првото "Heraclea Lyncestis" (стр. 34), но картата на следната страница ме воодушевува. И географското и урбанистичко-транспортното подпоглавје се многу содржајни и корисни. Авторот веројатно не требало да ја стави тука (стр. 45) фотографијата со прусискиот натпис од 1916 г. на Демир Капија, а и концептот за "Via Axia" останува проблематичен. За жал, „етничкото и социокултурно" подпоглавје започнува со значајно отстапување од општиот квалитет на монографијава. Тешко е да се разбере зошто античките Македонци се оставени да „висат во воздух" во етнолошка смисла, како и зошто воопшто не се спомнати ниту античките Епирци, што остава впечаток дека, според Ожеро, Епир бил населен исклучиво со Илири, ниту Пајонците. Библиографскиот опфат останува импресивен, но претставувањето на предхристијанските состојби можело да биде поконцизно. Тоа е особено видливо во последното подпоглавје, она за „религиозниот контекст". Прегледот на еврејското присуство е сосема на место.

Христијанските почетоци во регионот се обработени во третото поглавје. Ранохристијанската литература сведочи за посетите и патувањата на Апостолите, нивните сопатници и нивните наследници, меѓу кои имало и Македонци, а епиграфската лакуна во тој период е разбирлива. Авторот правилно заклучува дека не се знае дали Апостол Павле воопшто проповедал низ Горна Македонија, ниту, пак, може да се претпостави кога направил „круг низ Илирик". Ерудицијата и минуциозноста на Ожеро се видливи и во анализата на писмата на Апостолот Павле до македонските градови, како и на она на Поликарп до Филипјаните. Но, заради оскудните извори, многу малку се знае за вториот век.

Четвртото поглавје е географски ограничено на источна Македонија, значи отприлика Првата мерида. Филипи се истакнува со „базиликата на Апостол Павле" осветена од епископот Порфириј (4. век). Епиграфскиот материјал од градот и околината е релативно богат и доловува грчка средина со силна христијанска посветеност. Натписите сведочат за претставници на ниските и високите класи, за црковните чинови и Аријанската контроверзија. Посебно подпоглавје е посветено на двата апотропејски натписи, од кои вториот е дел од апокрифната традиција на кореспонденцијата меѓу топархот Абгар и Иисус. По импресивната епиграфска анализа, Ожеро солидно ја покрива и монументалната христијанска архитектура во градот. По прегледот, пак, на натписите од територијата на Филипи доаѓа редот на долината на Стримон, со градовите Амфипол, Сери и Партикопол. За разлика од Амфипол (пет базилики, инвокација на кула, вотивен натпис на епископот Леон...), во Сери не е сочувано речиси ништо христијанско од раниот период, а Партикопол е некаде на средина (епископска базилика, ни десет натписи).

Значително побогатата со христијански старини средна Македонија е обработена на сличен, исцрпен начин во петтото поглавје. Сто и шеесетте натписи од Тесалоника се претежно доцнежни. Оттаму не е чудно што постои посебно подпоглавје за натписи поврзани со клирици. За центарот на култот на св. вмч. Димитриј немаме многу податоци, а и сите првобитни мозаици беа уништени во катастрофалниот пожар во 1917 г. Енигмата на Ротондата и мачениците претставени во неа можеби никогаш нема да биде решена, но империјалните провениенција и цел тешко може да се оспорат. Натписите сведочат и за продорот на христијанството во високите општествени слоеви, а потврдуваат и сириско христијанско присуство во градот во доцната антика. По релативно краткото подпоглавје за монументалната христијанска архитектура доаѓа последното, она

за ситуацијата на Халкидичкиот Полуостров со трите краци.

Дефиницијата на шестото поглавје е проблематична. Авторот решил остатокот од „грчка Македонија“ да го подели на Третата мерида со средиште во Пела, нарекувајќи ја „Долна Македонија“, и на делот од Четвртата кој припаѓа на современата грчка држава, значи исклучувајќи ја Линкестида со Хераклеја. Веројатно ќе беше подобро „Долна Македонија“ да ја вклучи во петтото поглавје, покрај Втората мерида, а цела Горна Македонија, сосе Линкос, да ја обработи во ова. Но можеби вака му било попрактично. Натписите од Едеса, главно епитафи, сведочат за доцноантичките почетоци на христијанството, а интригантни се само неколку. Верија може да се пофали со двајца посведочени епископи од 4. и 5. век, но во епиграфската жетва се среќаваат и свештеници, како и едно веројатно манастирско сестринство, векови пред Атос. Двата хипогеи и петте базилики ја дополнуваат претставата за овој значаен македонски христијански центар. Во остатокот на Ботиаја, вклучувајќи ја и Пела, се најдени многу повеќе архитектонски остатоци одошто натписи. И покрај двата епископи и двете базилики, една врз друга, Дион не може да се смета за големо христијанско тежиште, но и регионот на Пидна бил прилично жив. Од Еордаја се издвојува еден сомнителен натпис, а во Елимеја досега се откриени само три мозаични натписи во две доцноантички базилики, кои не се единствени во регионот. Во Кајсареја, недалеку од Ајани, откриени се натписи на кои е посведочен епископот Македониј, а значајното христијанско присуство во Диоклетијанопол го потврдуваат откопаните базилики.

Морам да се задржам на „Раното христијанство во Северна Македонија“ (наслов на претпоследното поглавје). Дефиницијата на „северна (така!) Македонија“ дадена од Ожеро веќе во првиот пасус не остава добар впечаток. Исклучувањето на Скупи и Лихнид е разбирливо, но издвојувањето на ваков јужен регион на територијата на Република Северна Македонија претставува арбитрарна повреда на македонската географија. Ниту било можно, ниту била некогаш во историјата издвоена ваква „Северна Македонија“, едноставно затоа што тоа не го дозволува географската реалност. Јасно, на авторот не му одговарало да стави „Втора Македонија“ или „Слободна Македонија“, оти знаел дека некои од градовите што сакал да ги обработи во одделна целина не биле дел од таа кратковечна римска провинција, туку од Македонија Прва. Барем според мене, единствено решение било неследењето на современите државни граници, при што пајонскиот град Стоби би бил обработен во некаков додаток, без да се навреди никој. Но таа географска логика беше напуштена веќе во претходното поглавје. Се разбира, нема никаков доказ дека апостол Павле некогаш поминал низ Хераклеја Линкестидска (така!), а христијанство во регионот не е забележано пред 4. век. Сепак, авторот решил да почне со маргиналното, но монументално Стоби. Не е сигурно дека некои крстови на седиштата на театарот се со ран датум, но да се надеваме дека ќе го дочекаме одамна најавеното двотомно издание на сите натписи од овој споменик. Кон крајот на 5. век Стоби веќе имало четири базилики во ѕидините, од кои две со крстилници, и три надвор од градот, што е импозантна бројка. Епископската базилика, меѓу другите свои вредности, носи и голем број на графити од христијани. Новата, втора епископска базилика се одликува и со фрески со извадоци од библиски и литургиски текстови. Покрај епископот кој учествувал на Никајскиот собор, на мозаични натписи од овие базилики се посведочени уште два. Во продолжение Ожеро накратко ги прикажува останатите три внатрешни базилики, Средната (“Синагога”), Северната и Градската (зошто “Civil”?). Правилно забележува дека сочуваниот натпис на Полихарм покажува незаинтересираност за бришење на сеќавањето за еврејската заедница. Релативно малубројните христијански епитафи не сведочат за живоста на христијанската заедница како што тоа го прави архитектурата.

Претставувањето на христијанските старини од Хераклеја (Линкестис!?) започнува со истакнување на можноста дека била основана во времето на Филип V, што е прилично неоснована идеја на покојниот проф. Микулчиќ. Епиграфската ситуација е слична на онаа во Стоби, но во помали размери. Сепак, епитафите од Хераклеја се доста интересни. На еден од нив е претставен висок империјален функционер и добротвор на заедницата, а на три други веројатно епископи, но изгубениот надгробен натпис на Лаврентиј (536 г. н. е.), објавен во 2023, не е земен предвид. Хераклејските епископи се посведочени дури трипати на црковните собори, а можно е и Лаврентиј да учествувал во современите теолошки дебати. Ниеден од архиереиве не е опишан како „архиепископ“, вклучувајќи го Јован или Пахомиј од капителот (истиот со оној од фонтаната од времето на Јустинијан?), а Макариј, дефиниран како „хераклејски или пелагониски архиепископ“ на средината на 16. век, мора да бил митрополит. Солунските архиепископи биле во два наврати претставувани од хераклејските епископи, што кажува доволно за значењето на градот, како и петте базилики (“Е” сè уште не е соодветно об-

работена, па ниту епископската) и епископската резиденција. Претпоставките на Ожеро за латинскиот мозаичен натпис во базиликата "C" не се од голема помош, а толкувањата на прекрасниот мозаик се широко познати. Нејасно е зошто авторот воопшто не ги цитира монографиите на Михајловски и на Ѓорѓиевска и Калпаковска (сепак вклучена во библиографијата), кои сигурно му биле достапни. Уште понеприфатливо е неговото сумарно прикажување на малкуте христијански епиграфски споменици и многуте базилики пронајдени во „северните рурални територии" на со натписи сиромашната „северна Македонија".

Епилогот практично ги обединува заклучоците извлечени од авторот веќе во текот на обработката на материјалот, но, за жал, не нуди увод во наредниот период, оној кој ни овозможил да пронаоѓаме и проучуваме вакви монументални рушевини. Следи огромната, но неизбежно некомплетна библиографија, а по неа и конкорданс на натписите. На самиот крај се поместени два индекси, на древните извори и општ. Печатните грешки во оваа монографија се малубројни, а дизајнот задоволителен. По вакво капитално дело во младоста, посакуваме и очекуваме уште многу.

Јовица Гроздановски
независен истражувач